Бр./Nr 12-169/1
12-01-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 26-та седница одржана на ден 30.12.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-3056/1 од 24.11.2025 година, со наводи за сомневање за коруптивни дејствија во тековни судски постапки, кои се водат во Основен Суд и Апелационен Суд во -----------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување за предметниот случај, од причина што предметните наводи се однесуваат на повреда на индивидуално право по однос на прашања за кои друг орган е надлежен да постапува.

Пријавата да се достави на надлежно постапување на Судски Совет на РСМ.

Предметот со број 12-3056/1 од 24.11.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

На ден 24.11.2025 година, до ДКСК доставена е пријава по која е оформен предмет со број 12-3056/1, во која се изнесени наводи за сомневање за криминални и коруптивни дејствија во судски постапки кои се водат пред Основен суд и Апелационен суд во -----------, а во која подносителот на пријавата е засегната странка.
Во пријавата, се наведува дека подносителот веќе две години водел судски процес за добивање на дел од сопственоста на компанијата ------------- во --------, за кој се сомнева дека се водел на незаконит начин и заради исполнување на други интереси.

Имено, подносителот на пријавата бил еден од наследниците на 50% акции во компанијата ------------- во ----------- со познатиот бренд ---------, кои ги наследил од својот покоен дедо, а своето право на наследство не можел да го оствари поради тоа што во постапката судот го повредил материјалното право и погрешно ја утврдил фактичката состојба за предметот.

ДКСК ја разгледа пријавата и утврди дека предметните наводи се однесуваат на повреда на индивидуално право на подносителот по однос на прашања кои не се предмет на постапување на Државната комисија и за кои друг орган е надлежен да постапува, па оттаму пријавата ќе ја достави на надлежно постапување на Судски Совет на РСМ.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК оцени дека нема надлежност за постапување во предметниот случај одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., Член на ДКСК